**Предмет: Барање за доставување на понуди за експертски услуги за:**

1. **Изработка на правилник за организација на натпреварот;**
2. **Развивање на наставна програма за хортикултура со вклучени претприемнички вештини**

**1.Експертски услуги**

Здружението на средни училишта Тера Фитон Анимал за потребите на иницијативата – „Натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“, спроведувана како дел од проектот „Зајакнување на младите: Градење вештини креирање иднина финансиран од Европска Унија и имплементиран од Занаетчиска комора Скопје, Ве поканува да доставите понуда за:

**-Експертски услуги за:**

**1. Изработка на правилник за организација на натпреварот;**

**2. Развивање на наставна програма за хортикултура со вклучени претприемнички вештини**

**2. Краток опис на проектот**

Општата цел на иницијативата **,,Натпревар за хортикултурни вештини: создавање идни зелени претприемачи“**е да го подобри стручното образование преку воспоставување на тристепен хортикултурен натпревар (локален, регионален и национален).

Натпреварот ќе им обезбеди на учениците од стручното обазование можност за практична обука и менторска поддршка за да ги развијат своите технички и претприемачки вештини во хортикултурата.

Поради остварување на овие цели, има потреба од ангажирање на експерти кои ќе придонесат кон:

- Изработка на правилник за организација и реализација на натпреварот, кој ќе ги дефинира правилата, критериумите за оценување, текот на натпреварувањето и улогата на менторите.
- Развивање на наставна програма за хортикултура која ќе ги опфати клучните технички вештини поврзани со производството, одржувањето и дизајнот на хортикултурни култури, како и претприемнички компетенции поврзани со планирање, маркетинг, одржливост и управување со мали зелени бизниси.

Овие документи ќе претставуваат основа за институционализирање на натпреварот и за интеграција на новата програма во наставата на сите земјоделски училишта, со што ќе се обезбеди долгорочна одржливост и поширок импакт врз учениците и локалните заедници.

## 3. Задачи што треба да ги изврши експертот/те

Експертот/експертите ќе имаат обврска да ги реализираат следниве задачи:

- **Анализа и подготовка:**

Преглед на постоечки практики и документи поврзани со хортикултурни натпревари и наставни програми.

Консултации со членови на работната група, наставници и претставници на училиштата за да се идентификуваат потребите и очекувањата.

- **Изработка на правилник за организација на натпреварот:**

Дефинирање на структурата и фазите на натпреварот (локално, регионално, национално ниво).

Поставување јасни критериуми за учество, евалуација и наградување на учениците.

Определување на улогите и одговорностите на ментори, комисија и организатори.

- **Развивање на наставна програма за хортикултура со претприемнички вештини:**

Подготовка на наставна програма што ги вклучува техничките хортикултурни вештини (практична работа, одржливи техники, грижа за растенија, дизајн на зелени површини и сл.).

Интеграција на претприемнички содржини (бизнис-план, маркетинг, финансиско управување, зелено претприемништво).

Усогласување на програмата со потребите на учениците, училиштата и пазарот на труд.

- **Презентација и финализација:**

Презентирање на изработените документи пред работната група и Собранието на Здружението.

Вклучување на коментари и предлози од сите засегнати страни.

Финализирање на правилникот и програмата во согласност со целите на проектот.

### 5. Клучни испораки и рокови

Следните резултати треба да бидат доставени на проектниот тим од страна на експертите.

Задачи што треба да ги изврши експертот и рокови за нивна реализација:

- Подготовка на нацрт-правилник за структурата, темите и критериумите за оценување
  Рок: 31.11.2025
- Финализирање и доставување на правилникот за усвојување од Собранието на Здружението
  Рок: 31.12.2025
- Подготовка на методологија за развој на наставната програма за хортикултура
  Рок: 31.12.2025
- Изработка на анализа на постојните наставни програми и индустриски стандарди
  Рок: 31.12.2025
- Консултации со експерти, наставници и претставници од индустријата (документиран извештај)
  Рок: 31.12.2025
- Подготовка на нацрт-верзија на наставната програма со технички и претприемнички модули
  Рок: 15.01.2026
- Ревидирање и финализирање на наставната програма
  Рок: 31.05.2026

| **Број на буџетска ставка** | **Опис на ставката** | **Број на експерти** | **Задачи** | **Период / Рок** |
|---|---|---|---|---|
| 5.2.1.1. | Експерт за наставни програми и хортикултура / наставник | 5 | Подготовка нанацрт-правилник за структурата, темите и критериумите за оценување | До 31.11.2025 |
| | | | Финализирање и доставување на правилникот за усвојување од Собранието на Здружението | До 31.12.2025 |
| | | | Подготовка на методологија за развој на наставната програма за хортикултура | До 31.12.2025 |
| | | | Изработка на анализа на постојните наставни програми и индустриски стандарди | До 31.12.2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Консултации со експерти, наставници и претставници од индустријата (документиран извештај) | До 31.12.2025 |
| | | | Подготовка на нацрт-верзија на наставната програма со технички и претприемнички модули | До 15.01.2026 |
| | | | Ревидирање и финализирање на наставната програма | До 31.05.2026 |

**6.Критериуми за избор на експерт-квалификации и компетентност**

- Вработен/а во стручноучилиште;
- Искуство во наставата или практичната обука по хортикултура, пејзажно уредување или сродни области;
- Претходно искуство во работа на проекти или организации на натпревари;
- Способност за тимска работа и комуникација;
- Пожелно: искуство со наставна програма/обуки поврзани со претприемништво

**VII. Начин на аплицирање**

Понудите треба да се достават на македонски јазик и да ги содржат следниве документи:

- Ажурирана и релевантна професионална биографија на експертот;
- Предложена методологија и временска рамка за реализација задачата;
- Финансиска понуда изразена во денари.

Повикот е отворен за физички лица/наставници кои се дел од стручните училишта. Понудата треба да ги содржи имињата и целосните биографии на експертот, експертите/ките кои директно ќе работат на реализација на задачата.

Прашања поврзани со повикот може да се достават најдоцна до 18.11.2025 година на следнава е-маил адреса: aterafitonanimal@gmail.com
Бараните документи треба да се достават на следнава е-маил адреса: aterafitonanimal@gmail.com најдоцна до 21.11.2025, до 16:00 часот.

Некомплетните понуди нема да се разгледуваат за евалуација.

Свети Николе, 17.11.2025 година　　　　Претседател на здружението

Игор Николов